биштип бр.24-5685/1 од 13.11.2014 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот Друштвото за производство, трговија и услуги ВИНЕРБЕРГЕР ДООЕЛ Виница, заради немање на економски интерес за натамошно извршување на концесијата за експлоатација.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање концесија за експлоатација на минералната суровина - керамичка глина на АД „Тондах-Македонија" Општина Виница на локалитетот помеѓу селата Жиганци и Пишица, Кочани бр.19-6113/1 од 19 декември 2006 година („Службен весник на Република Македонија" бр.135/06).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2113/1
22 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**876.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 март 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за хидрометеоролошки работи да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движни ствари–опрема, кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за расходување на движни ствари на Управата за хидрометеоролошки работи бр.02-219/1 од 11.2.2022 година, донесена од директорот на Управата за хидрометеоролошки работи.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2200/1
22 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**877.**

Врз основа на член 3, а во врска со член 2, став 2 од Законот за сметање на времето („Службен весник на Република Македонија" бр.17/96 и 16/97) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 март 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ВОВЕДУВАЊЕТО И ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ЗАВРШУВАЊЕТО НА ЛЕТНОТО СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО ВО 2022 ГОДИНА**

1. Летното сметање на времето во 2022 година започнува на 27 март во 02 h 00 min 00 s, така што со поместување за еден час нанапред времето во 02 h 00 min 00 s се смета како 03 h 00 min 00 s.

2. Летното сметање на времето во 2022 година се завршува на 30 октомври во 03 h 00 min 00 s, така што со поместување за еден час наназад времето во 03 h 00 min 00 s се смета како 02 h 00 min 00 s.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2565/1
22 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**878.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 март 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА „СПОРТСКО - РЕКРЕАТИВЕН КОМПЛЕКС" КО БОГДАНЦИ ВОН Г.Р., ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка Урбанистички план вон населено место за изградба „Спортско рекреативен комплекс" КО Богданци вон г.р., Општина Богданци („Службен весник на Република Македонија" бр. 74/13).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2625/1
22 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.